СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА
Бул. Александар Македонски, бб, п.ф. 10,
1130, Скопје, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Тел. ++ 389 2 3116 053, ++ 389 76 220 414
e-mail: sojuz.na.matematicari@gmail.com
www.smm.org.mk , www.smm.com.mk

UNION OF MATHEMATICIANS OF MACEDONIA
BUL. Aleksandar Makedonski, bb, p.f. 10,
1130, Skopje, REPUBLIC OF MACEDONIA
Tel. ++ 389 2 3116 053, ++ 389 76 220 414
e-mail: sojuz.na.matematicari@gmail.com
www.smm.org.mk, www.smm.com.mk

СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 53/302/1
27.04. 2019 година
Скопје

До
Директорот и
Активот по математика
при _________________

**Предмет: Известување за Државниот натпревар по математика за учениците од основно образование во 2019 година**

Ве известуваме дека Државниот натпревар по математика за учениците од основното образование ќе се одржи на 12.05.2019 година (недела) со почеток во 09:30 часот. Натпреварот ќе се одржи во просториите на универзитет Св.Кирил и Методи-Скопје во просториите на Факултетот за електротехника и информациски технологии и Машинскиот факултет. За сите дополнителни информации треба да ги пратите страната на СММ: www.smm.com.mk .

На натпреварот ќе учествуваат учениците кои се објавени на списоците од претходната вест на овој сајт.

Се замолуваат менторите и учениците да бидат присутни на локацијата на одржување на натпреварот во 08:45 часот заради навремено распоредување-сместување на натпреварувачите а се со цел натпреварот да почне на време.

Право на учество на натпреварот имаат и оние учесници кои ги исполнуваат условите од Правилникот за организирање и изведување на натпревари во основно образование при СММ. Своето учество да го најават најдоцна до 05.05.2018 година. Конечната листа на учесници на натпреварот ќе се формира по дополнителното пријавување на учениците.

Листата на учесници на натпреварот може да претрпи измени доколку се направени технички пропусти од било кој облик при нејзиното составување. СММ ги задржува правата на промена.

**СММ го задржува правото да ја определува и променува локацијата на одржување на натпреварот доколку за тоа се укаже потреба.**

Скопје, 27.04.2019 год.

Председател на СММ

Алекса Малчески